EU Practices for resolving the housing issues of Roma

Европската унија (ЕУ) постојано дава поддршка на Владата на Република Северна Македонија во однос на унапредување на животните услови и поттикнување на социјално вклучување на ромското население.

Според компонентата (ИПА I) (2007-2013), оваа поддршка беше насочена кон обезбедување техничка поддршка на националните и локалните власти за спроведување на активности од Националната Стратегија за Декада на Ромите согласно Националните акциони планови како и поддршка на локални активности за поттикнување на социјалната интеграција и вклучување на Роми на пазарот на трудот.

Во рамките на Годишната програма за работа, според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), 2017, што значи „Поддршка на ЕУ за образование, вработување и социјална политика", предвидено е спроведување на Активност 4.4 / Олеснување на социјалното вклучување на Ромите, планирано да се спроведе како Грант Шема во периодот 2020-2022 година.

Шемата за поддршка  грантови се објави во текот на првиот квартал на 2019 година во вкупен износ од (еден) 1 милион евра.

Генералната цел на о (грант шема) е креирана да ја подобри состојбата на Ромите преку таргетирани мерки, насочени кон намалување на разликата во квалитетот на домувањето и пристапот до социјални и здравствени услуги, помеѓу заедниците населени со Роми и другите заедници или територијални единици.

Специфични цели кои треба да се постигнат во овој процес:

1. Подобрување на условите за сместување на лицата Роми кои живеат во сиромашни и / или  во неформални населби во општините преку холистички и партиципативни пристапи и

2. Зголемување и подобрување на пристапот на Ромите кои живеат во сиромашни и / или во неформални населби до социо-образовните и здравствени услуги.

Реализацијата ќе се одвива преку

- Активности што овозможуваат кохерентен и сеопфатен пристап кон потребите на домувањето на ромски лица и заедници,

(т.е. комбинација на активности, спроведени во неколку фази, почнувајќи од дизајнирање и / или ажурирање и одобрување на Деталните урбанистички планови, проследено со легализација на ромските населби, односно нивните (живеалишта) и регистрација на земјиште и имоти итн. на ромското население);

- Активности што демонстрираат стабилен и докажан пристап кон потребите со цел елиминирање на негативните и лоши услови за живот;

  Поставување, пилотирање и / или услуги за надградување, кои се креирани врз основни мрежи за поддршка на Ромите и истовремено воведуваат иновативни решенија (алатки, пристапи и сл.),

на локално ниво

- Активности, кои вклучуваат соработка помеѓу локалните власти, јавни релевантни организации и граѓанското општество со цел обезбедување на нови или иновативни социјални услуги или програми за поддршка прилагодени на потребите на Ромите кои живеат во сиромашни области, кои вклучуваат механизми за понатамошно надградување и реплицирање.

Грантовите на овој повик се избрани да бидат имплементирани од страна на Habitat for Humanity Macedonia и Centro Laici Italiani per le Missioni – CELIM, Италија (со партнерска ромска невладина организација), кои се во насока на поддршка на намалување на сиромаштијата, поттикнување на социјалното вклучување на ромското население и подобрување на животните услови во ромските населби (во општините Велес, Шуто Оризари и Виница) и со тоа да се подобрат условите на домување на повеќе од 500 Роми.

Активностите ќе се реализираат во корелација со општините вклучени во програмата РОМАКТЕД, каде се наоѓаат ромски сиромашни и неформални населби.

Интервенциите што ќе бидат спроведувани имаат опсег од подобрување на условите за домување и живеење, легализација на ромските населби, подготовка и спроведување на планови за активирање, до развој на социјалната инфраструктура, вклучително и образовна, здравствена заштита, грижа за децата и специфични услуги во заедницата за Ромите.

Грант Habitat Macedonia

проследен со програмата Легализација на ромските населби (2011-2015), во која се поддржани 1.300 ромски семејства во процесот на легализација, од кои 552 од општината Шуто Оризари.

Остварување на целта ќе се постигне преку 2 компоненти:

- Подобрување на условите за домување и овозможување натамошен урбан развој на лицата Ромите во општините Шуто Оризари и Велес

*(подготовка на деталниот урбанистичи план (ДУП), поддршка на процесот на легализација и поправка на домови) и*

- Промовирање на еднакви можности за социјално вклучување во домувањето, образованието и здравството за Ромите во општините Шуто Оризари и Велес.

*(подобрување на капацитетите на локално ниво за носење одлуки за социјално вклучување на Ромите, подобрување на здравствените услуги во општина Ш.Оризари и подршка на услугите за собирање на цврст отпад во општина Велес).*

Грант CELIM / Centro Laici Italiani per le Missioni

*Вториот Грант преку CELIM е креиран* - да се подобрат условите за домување на 245 ромски домаќинства кои живеат во неформалното населување од урбанистичкиот план на Општината, во рамките на Локалниот акционен план на Општината Виница.

Активности за реализација на целта

- Ажурирање на урбанистичките планови на Општина Виница во врска со блок 18 на ромските населби;

- Легализација на целата ромска неформална населба во блокот 18, и регистрација на имотите во Катастарот на недвижности и;
- Подобрување на целата инфраструктура на 22 живеалишта.

Имплементацијата на овие грантови е усогласена со прашањата и приоритетите утврдени во Програмата за вработување и социјална реформа 2020 (ЕСРП) и во Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014-2020 година.

Главните очекувани достигнувања во однос на подобрувањето на состојбата на Ромите се насочени кон подобрување на пристапот на ромската заедница до социјална заштита, домување, образование и здравство.

Исто така, многу е важно дека индикаторот - Број на Роми кои ќе имаат корист од подобри услови за живот во нивните заедници со целната вредност од 1000 до (2020 година), се разгледува при дизајнирање на следните мерки и активности за решавање на потребите на Ромите.

Како претстојна / идна поддршка на Европската Унија за поттикнување на социјално вклучување на Ромите, првично е договорено во рамките на Годишната програма за акција 2019, компонента (ИПА II) - ЕУ за инклузија, да се решат прашањата поврзани со подобрувањето на условите за домување и пристапот до социјални услуги засновани во заедницата на Ромите и луѓето кои живеат во длабока сиромаштија.

Насоки во рамки на Министерството за труд и социјална политика, за подобрување на домувањето на ромската заедница:

- Донесување и усвојување на Законот за Социјално домување / кој се подготвува заеднички во соработка со Министерството за транспорт и врски
- Подобрување на состојбата со документација за ромската популација (решавање на имотно - правните односи) поврзани со (генералните и деталните урбанистички планови) и
- Подобрување и решавање на процесот на легализација во ромските заедници.